# Упатство за имплементација на сервис за генерирање код за преглед на Мој Термин

Согласно со барањата на Министерството за здравство , почнувајќи од 15.03.2018 сите прегледи кај матичните лекари треба да се евидентираат на Мој Термин во моментот на реализација, односно да добијат идентификациски код.

Во Prima MEDICA направени се соодветни измени за да се одговори на барањата од институциите. На главната форма за евиденција , во делот Податоци за преглед, најлево стои прикажан бројот на прегледот генериран и запишан во Мој термин.




Евиденцијата на прегледот во Мој термин се прави автоматски со внесување на дијагноза. Нема потреба од дополнителен чекор за да се прати прегледот. По затворање на формата со дијагнози, полето за *Бр.преглед од МЗ* ќе се пополни.

Копчето кое стои непосредно до бројот на преглед од МЗ е наменето да се користи во случај ако од некоја причина не успеал да се изврши сервисот и прегледот нема земено број од Мој Термин. Всушност тоа копче е видливо само ако прегледот нема изгенерирано број или ако после праќањето е направена некоја измена во податоците (пример, време на реализација, тип на здравствена услуга).

Мој Термин има некои огранучувања во однос на праќањето на прегледите. Ограничено е времето на праќање на прегледот. Дозволено е да се прати најдоцна до 1 час после времето на прием назначено во прегледот. Со прегледот се праќаат следните податоци: ембг, датум и време на реализација, телефонски број на пациентот, факсимил на лекар, здравствена услуга, анамнеза и дијагноза.

Друго битно ограничување е дека Мој Термин нема овозможено сервис за бришење на прегледот, ако веќе има изгенерирано број, може само да се ажурира. Според нивните упатства во случај ако треба да се брише прегледот ќе треба да се обратите прво кај нив директно во Мој Термин. Функционалноста за бришење преглед не е тргната од Prima MEDICA, само е дадена напомена пред бришењето.

